# Службен весник на Република Македонија

**Број 158** **18 ноември 2013, понеделник** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3736. | **Уредба** за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп како и за засновањето на право на стварна службеност | 2 |
| 3737. | **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија | 10 |
| 3738. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Општина Штип | 10 |
| 3739. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Советот на јавните обвинители на Република Македонија | 10 |
| 3740. | **Одлука** за продажба на движни ствари - моторни возила | 11 |
| 3741. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на општина Богданци | 12 |
| 3742. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура | 12 |
| 3743. | **Одлука** за утврдување на геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија | 15 |
| 3744. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп | 15 |
| 3745. | **Одлука** за престанок на функција јавен обвинител | 15 |
| 3746. | **Одлука** за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија | 16 |
| 3747. | **Одлука** за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија | 19 |
| 3748. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.. | 19 |
| | **Огласен дел** | **1-108** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3736.**

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013 и 137/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП КАКО И ЗА ЗАСНОВАЊЕТО НА ПРАВО НА СТВАРНА СЛУЖБЕНОСТ

Член 1

Со оваа уредба се пропишува висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновањето на право на стварна службеност.

Член 2

Висината на цените за отуѓување на градежното земјиште се утврдени во Табеларни прегледи од Прилог 1, Прилог 2 и Прилог 3, кои се составен дел на оваа уредба.

Во Табеларните прегледи од став 1 на овој член се дадени цените за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија, поделено по реони и зони на општините и населените места за утврдени намени, за секоја од општините во Република Македонија.

Почетните цени за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се дадени во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

Цените по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба се дадени во Табеларниот преглед од Прилог 2 од оваа уредба, освен цените по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кои е донесено решение согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности, согласно член 69-а од Законот за градежно земјиште и тоа:

- за отуѓување на градежното земјиште под објектот, односно делот од објектот за кој е донесено решение согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти во зависност од видот и намената на објектот, ќе се применува табеларениот преглед од Прилог 3 на оваа уредба;
- за отуѓување на градежното земјиште кое се наоѓа во рамки на градежната парцела, а не претставува земјиште под објект, во зависност од намената предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, ќе се применува табеларениот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

По исклучок од став (4), алинеа 2 на овој член, за отуѓување на градежното земјиште кое се наоѓа во рамки на градежната парцела, а не претставува земјиште под објект, за објекти со намена индивидуално домување предвидени со урбанистички план или урбанистичка планска документација, во рамки на градежната парцела до 500м2 ќе се применува табелареният преглед од Прилог 3 на оваа уредба, а доколку градежната парцела е поголема од 500м2, делот од градежната парцела кој надминува површина од 500м2 ќе се отуѓува согласно Табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Во однос на примената на цените утврдени во Табеларните прегледи од Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба, во случај кога на една градежна парцела со урбанистички план или урбанистичко планска документација се предвидени две или повеќе намени компатибилни со основната намена утврдена со урбанистички план или урбанистичко планска документација, тогаш цената се формира така што во крајната цена по метар квадратен, основната намена се пресметува во износ од 70%, а компатибилната намена изнесува 30% од цената за отуѓување кога се врши отуѓување или од цената за давање под закуп кога се дава под закуп. При формирање на цената на компатибилната намена, во предвид се зема највисоката цена за компатибилната намена согласно Табеларните прегледи од Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба.

По исклучок од ставот (6) на овој член, кога на една градежна парцела со урбанистички план или урбанистичка планска документација освен основната намена откупен дистрибутивен центар за земјоделски производи и Г-производство, дистрибуција и сервиси, се утврдени една или повеќе намени компатибилни со основната намена, цената се утврдува единствено врз основа на цената на основната намена по метар квадратен за отуѓување или од цената за давање под закуп кога се дава под закуп, без притоа да се пресметува цената на компатибилните намени.

Член 3

Висината на почетната цена на годишната закупнина, за градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое се дава под долготраен закуп по пат на јавно наддавање, не смее да биде пониска од 5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

Висината на годишната закупнина за градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон, согласно член 15 став 5 од Законот за градежно земјиште, изнесува 0.2% од утврдената цена по метар квадратен во табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 4

Висината на надоместокот за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија изнесува 10% од утврдената цена по метар квадратен во табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 5

Висината на почетната цена на годишната закупнина, на градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое е предвидено за плажа, а се дава под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање, не смее да биде пониска од 5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба, освен за градежното земјиште сопственост на Република Македонија предвидено за плажа во Општина Дојран, каде годишната закупнина не смее да биде пониска од 0.5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

Висината на годишната закупнина за градежното земјиште кое се дава под краткотраен закуп на сопствениците на угостителски објекти пред кои е предвидено плажа, како и на правни и физички лица за потребите за формирање на градилиште изнесува 2% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 6

Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежно земјиште, односно 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за давање под закуп на градежно земјиште, но не помалку од 10 денари, со заокружување до најблискиот цел број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.

Член 7

Посебните трошоци во постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се однесуваат на следните активности:

- за прибавување на докази за градежната парцела предмет на јавното наддавање;
- за објавување во медиумите и јавните гласила;
- за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба и
- за воведување во владение на градежното земјиште.

Висината на трошоците од став 1 на овој член изнесува најмногу до 10% од депозитот за учество на јавното наддавање.

Член 8

Посебните трошоци во постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба и за засновање на право на стварна службеност се:

- трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичката состојба или трошоци за воведување во владение и
- трошоци за издавање на преписи на акти.

Висината на посебните трошоци од став 1 на овој член се определува во следниот износ:

1. Надоместок на трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба или за материјални трошоци за воведување во владение:

- за оддалеченост од седиштето до 10км – 1000,00 денари,
- за оддалеченост од седиштето од 10км до 50км – 2000,00 денари
- за оддалеченост од седиштето над 50 км – 3000,00 денари

2. Надоместок на трошоци за издавање на преписи на акти:

- за препис на договор – 150,00 денари,
- за препис на записник за увид на лице место – 200,00 денари и
- за поединечен препис на други акти – 200,00 денари.

Член 9

Започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба до денот на влегување во сила на оваа уредба ќе продолжат согласно одредбите од оваа уредба.

Започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање до денот на влегување во сила на оваа уредба ќе продолжат согласно одредбите од Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп („Службен весник на Република Македонија“ број 102/2011, 169/2011, 14/2012, 38/2012, 54/2012, 63/2012, 150/2012, 3/2013 и 142/2013).

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп („Службен весник на Република Македонија“ број 102/2011, 169/2011, 14/2012, 38/2012, 54/2012, 63/2012, 150/2012, 3/2013 и 142/2013).

Член 11

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-7978/1
12 ноември 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реон VI | 1 Арачиново<br>2 Босилово<br>3 Брвеница<br>4 Василево<br>5 Вевчани<br>6 Вранештица<br>7 Врапчиште<br>8 Градско<br>9 Дебарца<br>10 Долнени<br>11 Другово<br>12 Желино<br>13 Зајас<br>14 Зелениково<br>15 Зрновци<br>16 Јегуновце<br>17 Боговиње<br>18 Карбинци<br>19 Конче<br>20 Кривогаштани<br>21 Липково<br>22 Лозово<br>23 Маврово и Ростуша<br>24 Могила<br>25 Новаци<br>26 Ново Село<br>27 Осломеј<br>28 Петровец<br>29 Пласница<br>30 Ранковце<br>31 Росоман<br>32 Сопиште<br>33 Старо Нагоричане<br>34 Студеничани<br>35 Теарце<br>36 Центар Жупа<br>37 Чашка<br>38 Чешиново-Облешево<br>39 Чучер-Сандево | Висина на почетни цени по зони | Седиште на општина | 61,00 | 61,00 | 350,00 | 61,00 | 61,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 61,00 | 61,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 100,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населени места во општините | 61,00 | 61,00 | 200,00 | 61,00 | 61,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 61,00 | 61,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 50,00 | 130,00 | 130,00 | 100,00 | 61,00 | 61,00 |

ПРИЛОГ 2 - ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА МИНИМАЛНИ ПОЧЕТНИ ЦЕНИ ПО КОИ СЕ ОТУЃУВА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

| Реон | Општина | | Зона | А - домување | | | | Б - комерцијални и деловни намени | | | | | В - јавни институции | | | | Г - производство, дистрибуција и сервиси | | | | Д - спорт и рекреација | Е - инфраструктура | | | | Останати намени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | А0 - домување во станбени куќи | А1 - домување во станбени куќи | А2 - домување во станбени згради | А4 - времено сместување | Б1 - мали комерцијални и деловни дејности | Б2 - големи трговски единици | Б3 - големи угостителски единици | Б4 - деловни дејности | Б5 - хотелски дејности | В1 - образование | В2 - здравство и социјална заштита | В4 - државни институции | В5 - верски институции | Г1 - тешка и загадувачка индустрија | Г2 - лесна и незагадувачка индустрија | Г3 - сервиси | Г4 - стоваришта | Д3 - спорт и рекреација | Е1 - комунална инфраструктура | Е2 - комунална супраструктура | Е2 - Мерни станици, градби за производство на енергија и полигони за обука на возачи | Е3 - некомпатибилна инфраструктура | Пазари |
| Реон I | 1 Карпош | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 7200,00 | 7200,00 | 14400,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 70,00 | 1800,00 | 1800,00 | 1800,00 | 1800,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 6000,00 | 10000,00 | 10000,00 | 70,00 | 10000,00 | 70,00 |
| | 2 Центар | | Вонцентрално подрачје | 6400,00 | 6400,00 | 12800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 70,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 4800,00 | 8400,00 | 8400,00 | 70,00 | 8400,00 | 70,00 |
| | | | Населено и вонннаселено место | 4800,00 | 4800,00 | 9600,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 70,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 3200,00 | 5600,00 | 5600,00 | 70,00 | 5600,00 | 70,00 |
| Реон II | 1 Аеродром; 2 Бутел; 3 Гази Баба; 4 Ѓорче Петров | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 6400,00 | 6400,00 | 12800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 70,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 4800,00 | 8400,00 | 8400,00 | 70,00 | 8400,00 | 70,00 |
| | 5 Кисела Вода; 6 Чаир | | Вонцентрално подрачје | 4800,00 | 4800,00 | 9600,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 70,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 3200,00 | 5600,00 | 5600,00 | 70,00 | 5600,00 | 70,00 |
| | 7 Тетово; 8 Охрид | | Населено и вонннаселено место | 2400,00 | 2400,00 | 5600,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 70,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 1600,00 | 2800,00 | 2800,00 | 70,00 | 2800,00 | 70,00 |
| Реон III | 1 Битола | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 1450,00 | 1450,00 | 2800,00 | 3200,00 | 4300,00 | 4300,00 | 4300,00 | 4300,00 | 70,00 | 1100,00 | 1100,00 | 1100,00 | 1100,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 1300,00 | 1050,00 | 1050,00 | 70,00 | 1050,00 | 70,00 |
| | 2 Струмица | | Вонцентрално подрачје | 950,00 | 950,00 | 2100,00 | 3000,00 | 3800,00 | 3800,00 | 3800,00 | 3800,00 | 70,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 900,00 | 800,00 | 800,00 | 70,00 | 800,00 | 70,00 |
| | 3 Гевгелија | | Населено и вонннаселено место | 650,00 | 650,00 | 1100,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 70,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 400,00 | 500,00 | 500,00 | 70,00 | 500,00 | 70,00 |
| Реон IV | 1 Кичево; 2 Гостивар; 3 Куманово | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 1000,00 | 1000,00 | 2000,00 | 3400,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 70,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 900,00 | 800,00 | 800,00 | 70,00 | 800,00 | 70,00 |
| | 4 Струга; 5 Прилеп; 6 Штип | | Вонцентрално подрачје | 650,00 | 650,00 | 1300,00 | 2200,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 70,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 300,00 | 500,00 | 500,00 | 70,00 | 500,00 | 70,00 |
| | 7 Кавадарци; 8 Кочани; 9 Велес | | Населено и вонннаселено место | 400,00 | 400,00 | 600,00 | 900,00 | 600,00 | 600,00 | 600,00 | 600,00 | 70,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 250,00 | 300,00 | 300,00 | 70,00 | 300,00 | 70,00 |
| Реон V | 1 Крива Паланка; 2 Дебар; 3 Виница; 4 Неготино; 5 Радовиш; 6 Ресен; 7 Сарај; 8 Шуто Оризари | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 500,00 | 500,00 | 1200,00 | 1600,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 70,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 300,00 | 500,00 | 500,00 | 70,00 | 500,00 | 70,00 |
| | 9 Свети Николе; 10 Берово; 11 Македонски Брод; 12 Дојран; 13 Валандово; 14 Делчево; 15 Демир Хисар; 16 Кратово | | Вонцентрално подрачје | 300,00 | 300,00 | 700,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1900,00 | 1900,00 | 1900,00 | 70,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 150,00 | 300,00 | 300,00 | 70,00 | 300,00 | 70,00 |
| | 17 Крушево; 18 Пробиштип; 19 Богданци; 20 Демир Капија; 21 Македонска Каменица; 22 Пехчево; 23 Илинден | | Населено и вонннаселено место | 150,00 | 150,00 | 400,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 70,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 70,00 | 150,00 | 70,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реон VI | 1 Арачиново<br>2 Босилово<br>3 Брвеница<br>4 Василево<br>5 Вевчани<br>6 Вранештица<br>7 Врапчиште<br>8 Градско<br>9 Дебарца<br>10 Долнени<br>11 Другово<br>12 Желино<br>13 Зајас<br>14 Зелениково<br>15 Зрновци<br>16 Јегуновце<br>17 Боговиње<br>18 Карбинци<br>19 Конче<br>20 Кривогаштани<br>21 Липково<br>22 Лозово<br>23 Маврово и Ростуша<br>24 Могила<br>25 Новаци<br>26 Ново Село<br>27 Осломеј<br>28 Петровец<br>29 Пласница<br>30 Ранковце<br>31 Росоман<br>32 Сопиште<br>33 Старо Нагоричане<br>34 Студеничани<br>35 Теарце<br>36 Центар Жупа<br>37 Чашка<br>38 Чешиново-Облешево<br>39 Чучер-Сандево | Висина на почетни цени по зони | Седиште на општина | 300,00 | 300,00 | 550,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 70,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 150,00 | 200,00 | 200,00 | 70,00 | 200,00 | 70,00 |
| | | | Населени места во општините | 150,00 | 150,00 | 300,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 70,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 80,00 | 130,00 | 130,00 | 70,00 | 130,00 | 70,00 |

ПРИЛОГ 3 - ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЦЕНИ ПО КОИ СЕ ОТУЃУВА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ОБЈЕКТИ ИЛИ ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ ЗА КОИ Е ДОНЕСЕНО РЕШЕНИЕ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ

| Реон | Општина | | Зона | А - домување | | | | Б - комерцијални и деловни намени | | | | | В - јавни институции | | | | Г - производство, дистрибуција и сервиси | | | | Д - спорт и рекреација | Е - инфраструктура | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | А0 - домување во станбени куќи | А1 - домување во станбени куќи | А2 - домување во станбени згради | А4 - времено сместување | Б1 - мали комерцијални и деловни дејности | Б2 - големи трговски единици | Б3 - големи угостителски единици | Б4 - деловни дејности | Б5 - хотелски дејности | В1 - образование | В2 - здравство и социјална заштита | В4 - државни институции | В5 - верски институции | Г1 - тешка и загадувачка индустрија | Г2 - лесна и незагадувачка индустрија | Г3 - сервиси | Г4 - стоваришта | Д3 - спорт и рекреација | Е1 - комунална инфраструктура | Е2 - комунална супраструктура | Е3 - некомпатибилна инфраструктура |
| Реон I | 1 Карпош<br>2 Центар | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населено и вонвселено место | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| Реон II | 1 Аеродром<br>2 Бутел<br>3 Гази Баба<br>4 Ѓорче Петров<br>5 Кисела Вода<br>6 Чаир<br>7 Тетово<br>8 Охрид | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населено и вонвселено место | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| Реон III | 1 Битола<br>2 Струмица<br>3 Гевгелија | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населено и вонвселено место | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| Реон IV | 1 Кичево<br>2 Гостивар<br>3 Куманово<br>4 Струга<br>5 Прилеп<br>6 Штип<br>7 Кавадарци<br>8 Кочани<br>9 Велес | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населено и вонвселено место | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 438,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| Реон V | 1 Крива Паланка<br>2 Дебар<br>3 Виница<br>4 Неготино<br>5 Радовиш<br>6 Ресен<br>7 Сарај<br>8 Шуто Оризари<br>9 Свети Николе<br>10 Берово<br>11 Македонски Брод<br>12 Дојран<br>13 Валандово<br>14 Делчево<br>15 Демир Хисар<br>16 Кратово<br>17 Крушево<br>18 Пробиштип<br>19 Богданци<br>20 Демир Капија<br>21 Македонска Каменица<br>22 Пехчево<br>23 Илинден | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| | | | Населено и вонвселено место | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 245,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |

Реон VI

| Бр. | Општина |
|---|---|
| 1 | Арачиново |
| 2 | Босилово |
| 3 | Брвеница |
| 4 | Василево |
| 5 | Вевчани |
| 6 | Вранештица |
| 7 | Врапчиште |
| 8 | Градско |
| 9 | Дебарца |
| 10 | Долнени |
| 11 | Другово |
| 12 | Желино |
| 13 | Зајас |
| 14 | Зелениково |
| 15 | Зрновци |
| 16 | Јегуновце |
| 17 | Боговиње |
| 18 | Карбинци |
| 19 | Конче |
| 20 | Кривогаштани |
| 21 | Липково |
| 22 | Лозово |
| 23 | Маврово и Ростуша |
| 24 | Могила |
| 25 | Новаци |
| 26 | Ново Село |
| 27 | Осломеј |
| 28 | Петровец |
| 29 | Пласница |
| 30 | Ранковце |
| 31 | Росоман |
| 32 | Сопиште |
| 33 | Старо Нагоричане |
| 34 | Студеничани |
| 35 | Теарце |
| 36 | Центар Жупа |
| 37 | Чашка |
| 38 | Чешиново-Облешево |
| 39 | Чучер-Сандево |

Висина на почетни цени по зони

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Седиште на општина | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |
| Населени места во општините | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 87,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 |

**3737.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11, 53/11, 144/12 и 25/13) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 1.10.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со јавно наддавање да се отуѓи градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое претставува:

- Градежна парцела 1.01, составена од КП број 13678/8, КО Центар 1, со површина од 138м2, евидентирана во Имотен лист број 97128, дел од КП број 5071/1, КО Центар 1, со површина од 2877м2, евидентирана во Имотен лист број 101662 и КП број 13678/9, КО Центар 1, со површина од 8м2, евидентирана во Имотен лист број 101317, односно вкупна површина од 3023м2;

- Градежна парцела 2.01, составена од дел од КП 13678/3, КО Центар 1, со површина од 87м2, евидентирана во Имотен лист 54036, дел од КП 13678/4, КО Центар 1, со површина од 1м2, евидентирана во Имотен лист број 54036, дел од КП 13678/5, КО Центар 1, со површина од 1м2, евидентирана во Имотен лист број 55891 и дел од КП број 5071/1, КО Центар 1, со површина од 1172м2, евидентирана во Имотен лист 101662, односно вкупна површина од 1261м2,

врз основа на согласноста број 47-6110/9, од 3.10.2013 година, на Министерството за култура со која се откажува од потребата за изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Министерството за транспорт и врски согласно член 46, став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 17/11, 53/11, 144/12 и 25/13).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6590/1
1 октомври 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**3738.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ БЕЗ НАДОМЕСТ НА ОПШТИНА ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижни ствари - објекти кои се наоѓаат на:

- Катастарска парцела бр. 8071 КО Штип 5, запишани во Имотен лист бр. 80945 за КО Штип 5, сопственост на Република Македонија и тоа:

- објект бр.1, згради во останато стопанство, м.в. „Ристо Стојков“ бр.16, кат менсарда, стан 1, површина од 117 м2 и

- објект бр.1, згради во останато стопанство, м.в. „Ристо Стојков“ бр.16, кат приземје, стан 1, површина од 155 м2.

Член 2

Недвижните ствари, од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Општина Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Општина Штип во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6950/1
12 ноември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**3739.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11. 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и престанува користењето на движните ствари и тоа:

| реден број | Инвентарен број | НАЗИВ НА ОПРЕМА |
|---|---|---|
| 1 | 133141 | АДМИНИСТРАТИВЕН ПЛАКАР 80/45/200 |
| 2 | 133142 | АДМИНИСТРАТИВЕН ПЛАКАР 80/45/200 |
| 3 | 133143 | АДМИНИСТРАТИВЕН ПЛАКАР 80/45/200 |
| 4 | 133140 | АДМИНИСТРАТИВЕН ПЛАКАР 80/45/200 |
| 5 | 133154 | ДВЕ МАСКИ ЗА ФЕНКОЈЛЕРИ ЗА ПАРНО - ДРВЕНИ |
| 6 | 133229 | РАК ОРМАР 19" 42U |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат без надомест на времено користење за период од две години на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

Член 3

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, склучува договор со претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-7843/1
12 ноември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3740.**

Врз основа на член 58, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија", бр.8/2005, 150/2007, 35/2011 , 166/2012 и 137/2013 ) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - МОТОРНИ ВОЗИЛА**

Член 1

Со оваа одлука се врши продажба на движни ствари - моторни возила, сопственост на Република Македонија, што ги користела Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и тоа:

1. Марка Wolkswagen, тип GOLF 3 GTI, број на шасија WVWZZZ1HZPW276204, година на производство 1993, сила на мотор 85 кс, работна зафатнина 1985 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 35.184,00 денари.

2.Марка MERCEDES, тип 420 SEC, (falsifikat) со регистарска ознака SK 172 MV, година на производство 1988, сила на мотор 83 кс, работна зафатнина 2996 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 107.688,00 денари.

3. Марка Peugeot, тип 605 со регистарска ознака 309-KS-042, број на шасија VF36BPHZ290841120, година на производство 1991, сила на мотор 80 кс, работна зафатнина 2088 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 36.420,00 денари.

4. Марка OPEL, тип Tigra број на шасија WOL000075T4068741, година на производство 1996, сила на мотор 66 кс, работна зафатнина 1389 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 39.600,00 денари.

5. Марка OPEL, тип Vektra 1.6 број на шасија WOL000087L5156406, година на производство 1990, сила на мотор 55 кс, работна зафатнина 1597 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 30.600,00 денари.

6. Марка BMW тип 325, број на шасија WBACB11040FC60622, година на производство 1992, сила на мотор 110 кс, работна зафатнина 1990 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 42.900,00 денари.

7. Марка Jeep тип GRAND CHIROKI, со регистарска ознака ZH 85812, број на шасија 1J4FJ78L1LL171593, година на производство 1990, сила на мотор 135 кс, работна зафатнина 3960 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 58.680,00 денари.

8. Марка RENO, тип 19, со регистарска ознака VIN-348, број на шасија VF1C5320511356533, година на производство 1993, сила на мотор 43 кс, работна зафатнина 1397 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 30.600,00 денари.

9. Марка AUDI, тип 80 Kuattro 2.8, со регистарска ознака (IT) BD 995 CD, број на шасија WAUZZZ8BZNA003124, година на производство 1992, сила на мотор 128 кс, работна зафатнина 2771 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена: 45.540,00 денари.

10. Марка AUDI, тип 80 1.9 TDI, година на производство 1990, сила на мотор 66 кс, работна зафатнина 1896 см3, не е во возна состојба.

Почетна цена:36.000,00 денари.

Член 2

Продажбата на секое возило од член 1 од оваа одлука да се изврши по пат на јавно наддавање.

Постапката за продажба на возилата од член 1 на оваа одлука да ја спроведе Комисијата за отуѓување на стари возила сопственост на Владата на Република Македонија.

Член 3

Средствата добиени од продажбата на возилата од член 1 од оваа одлука да се уплатат на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Член 4

Продажбата да се изврши на секое возило поединечно, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Член 5

Договорите за продажба на возилата од член 1 на оваа одлука со правните и физичките лица ќе ги склучи директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-7847/1 | Заменик на претседателот |
| 12 ноември 2013 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**3741.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" број 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013 и 137/2013) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Член 1

Со оваа одлука на општина Богданци се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кое претставува КП број 2797/5, КО Богданци–ВОН Г.Р., евидентирано во Имотен лист број 5213, со вкупна површина од 3906 м2, согласно Урбанистички план вон населено место за изградба на Верски објект – Католичка црква – Апостолски егзархат во Македонија со хотелско – угостителски комплекс на КП 2810, дел од КП 2809 и 2812 на м.в. Болован, дел од КП 2797 м.в. Побрешко и дел од КП 4209 и 4210 на м.в. Паљурци, КО Богданци, број 167, од 22.11.2012 година на општина Богданци, за градежна парцела број 3 кое е наменето за изградба на објект за времено сместување.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надомест.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-7879/1 | Заменик на претседателот |
| 12 ноември 2013 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Владимир Пешевски,** с.р. |

---

**3742.**

Врз основа на член 54 – а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Националната установа Национална и Универзитетска Библиотека Св.Климент Охридски во Скопје и престанува користењето на движните ствари – книги од проектот: Превод на литературни дела на добитници на Нобелова награда за литература и тоа:

| Реден број | Наслов на книга и автор | издавач | Томови | ИСБН | Тираж |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АВТОР: Хенрих Сенкјевич ДЕЛО: QUO VADIS | ТРИ | 1 | 978-608-230-104-4 | 1000 |
| 2 | АВТОР: Радјард Киплинг ДЕЛО: КНИГА ЗА ЏУНГЛАТА | КСЦ | 1 | 978-608-4694-33-5 | 1000 |
| 3 | АВТОР: Кнут Хамсун ДЕЛО: МИСТЕРИИ | Магор | 1 | 978-608-223-162-4 | 1000 |
| 4 | АВТОР: Анатол Франс ДЕЛО: ОСТРОВОТ НА ПИНГВИНИТЕ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-30-4 | 1000 |
| 5 | АВТОР: Владислав Ст. Рејмонд ДЕЛО: СЕЛАНИ | КСЦ | 2 | 978-608-4694-59-5 (ТОМ 1)<br>978-608-4694-64-9 (ТОМ 2) | 1000<br>1000 |
| 6 | АВТОР: Анри Луи Бергсон ДЕЛО: МАТЕРИЈА И МЕМОРИЈА | Магор | 1 | 978-608-223-120-4 | 1000 |
| 7 | АВТОР: Томас Ман ДЕЛО: ЛОТА ВО ВАЈМАР | Магор | 1 | 978-608-223-220-1 | 1000 |
| 8 | АВТОР: Синклер Луис ДЕЛО: АРОУСМИТ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-77-9 | 1000 |
| 9 | АВТОР: Луиџи Пирандело ДЕЛО: ШЕСТ ЛИКОВИ БАРААТ АВТОР | Магор | 1 | 978-608-223-161-7 | 1000 |
| 10 | АВТОР: Херман Хесе ДЕЛО: ИГРАТА СО СТАКЛЕНИ МОНИСТА | Магор | 1 | 978-608-223-160-0 | 1000 |
| 11 | АВТОР: Томас Елиот ДЕЛО: ИЗБОР ЕСЕИ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-73-1 | 1000 |
| 12 | АВТОР: Вилијам Фокнер ДЕЛО: АВЕСАЛОМ,АВЕСАЛОМ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-76-2 | 1000 |
| 13 | АВТОР: Бертранд Расел ДЕЛО: ОСВОЈУВАЊЕ НА СРЕЌАТА | Магор | 1 | 978-608-223-119-8 | 1000 |
| 14 | АВТОР: Франсоа Моријак ДЕЛО: ПУСТИНА НА ЉУБОВТА | Магор | 1 | 978-608-223-180-8 | 1000 |
| 15 | АВТОР: Винстон Черчил ДЕЛО:МОЈАТА МЛАДОСТ | АРС Ламина и ТРИ | 1 | 978-608-229-459-9 (Арс Ламина) 978-608-230-140-2 (Три) | 1000 |
| 16 | АВТОР: Сен-Џон Перс ДЕЛО: АНАБАЗА | КСЦ | 1 | 978-608-4694-75-5 | 1000 |
| 17 | АВТОР: Иво Андриќ ДЕЛО: МОСТОТ НА ДРИНА | Магор | 1 | 978-608-223-115-0 | 1000 |
| 18 | АВТОР: Џон Стајнбек ДЕЛО: ГЛУВЦИ И ЛУЃЕ | Магор | 1 | 978-608-223-116-7 | 1000 |
| 19 | АВТОР: Жан Пол Сартр ДЕЛО: МАЧНИНА | ТРИ | 1 | 978-608-230-130-3 | 1000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | АВТОР: Мигел Анхел Астуријас<br>ДЕЛО: ЛУЃЕ ОД ПЧЕНКА | КСЦ | 1 | 978-608-4694-66-3 | 1000 |
| 21 | АВТОР: Семјуел Бекет<br>ДЕЛО: ЧЕКАЈКИ ГО ГОДО | Магор | 1 | 978-608-223-174-7 | 1000 |
| 22 | АВТОР: Александар Солженицин<br>ДЕЛО: АРХИПЕЛАГОТ ГУЛАГ | ТРИ | 3 | 978-608-230-106-8 (ТОМ 1) | 1000 |
| | | ТРИ<br>Арс- Ламина | | 978-608-230-164-8 (ТОМ 2)<br>978-608-229-529-9 (ТОМ 2) | 1000 |
| | | ТРИ<br>Арс- Ламина | | 978-608-230-165-5 (ТОМ 3)<br>987-608-229-530-5 (ТОМ 3) | 1000 |
| 23 | АВТОР: Хајнрих Бел<br>ДЕЛО: ПОГЛЕДИТЕ НА ЕДЕН КЛОВН | ТРИ | 1 | 978-608-230-100-6 | 1000 |
| 24 | АВТОР: Еуџенио Монтале<br>ДЕЛО: КОСКИ ОД СЕПИЈА | Магор | 1 | 978-608-223-176-1 | 1000 |
| 25 | АВТОР: Сол Белоу<br>ДЕЛО: ХЕРЦОГ | Магор | 1 | 978-608-223-137-2 | 1000 |
| 26 | АВТОР: Исак Башевис Сингер<br>ДЕЛО: РОБ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-34-2 | 1000 |
| 27 | АВТОР: Милош Чеслав<br>ДЕЛО: ЗАРОБЕНИОТ УМ | ТРИ | 1 | 978-608-230-131-0 | 1000 |
| 28 | АВТОР: Камило Хозе Села<br>ДЕЛО: УЛИШТЕ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-49-6 | 1000 |
| 29 | АВТОР: Тони Морисон<br>ДЕЛО: ЏЕЗ | Магор | 1 | 978-608-223-178-5 | 1000 |
| 30 | АВТОР: Жозе Сарамаго<br>ДЕЛО: СЛЕПИЛО | ТРИ | 1 | 978-608-230-136-5 | 1000 |
| 31 | АВТОР: Гинтер Грас<br>ДЕЛО: ЛАМАРИНЕНИОТ БАРАБАН | ТРИ | 1 | 978-608-230-101-3 | 1000 |
| 32 | АВТОР: Џон Максвел Куци<br>ДЕЛО: ЧЕКАЈКИ ГИ ВАРВАРИТЕ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-31-1 | 1000 |
| 33 | АВТОР: Елфриде Јелинек<br>ДЕЛО: ПИЈАНИСТКА | Магор | 1 | 978-608-223-118-1 | 1000 |
| 34 | АВТОР: Орхан Памук<br>ДЕЛО: СЕ ВИКАМ ЦРВЕНО | Магор | 1 | 978-608-223-117-4 | 1000 |
| 35 | АВТОР: Дорис Лесинг<br>ДЕЛО: ГРАД СО ЧЕТИРИ ПОРТИ | КСЦ | 2 | 978-608-4694-61-8 (ТОМ 1) | 1000 |
| | | | | 978-608-4694-63-2 (ТОМ 2) | 1000 |
| 36 | АВТОР: Херта Милер<br>ДЕЛО: ЖИВОТИНСКА ДУША | ТРИ<br>Арс- Ламина | 1 | 978-608-230-142-6 (Три)<br>978-608-229-460-5 (Арс Ламина) | 1000 |
| 37 | АВТОР: Марио Варгас Љоса<br>ДЕЛО: РАЗГОВОР ВО КАТЕДРАЛАТА | ТРИ<br>Арс- Ламина | 1 | 978-608-230-143-3 (Три)<br>978-608-229-461-2 (Арс Ламина) | 1000 |
| 38 | АВТОР: Томас Транстромер<br>ДЕЛО: ОДБРАНИ ПЕСНИ | КСЦ | 1 | 978-608-4694-32-8 | 1000 |
| 39 | АВТОР: Мо Јен<br>ДЕЛО: ЦРВЕН СИРАК | Магор | 1 | 978-608-223-225-6 | 1000 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за култура.

Член 3

Директорот на Националната установа Национална и Универзитетска Библиотека Св.Климент Охридски во Скопје склучува договор со министерот за култура со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-8035/1<br>12 ноември 2013 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

**3743.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2013) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија се утврдуваат работите за изработка на ажурирани геодетски подлоги за планскиот опфат за Урбанистичко планска документација за изградба на инфраструктура за филмско производство во м.в. „Завој“, општина Зелениково, за потребите на Министерството за култура.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-8164/1<br>12 ноември 2013 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**3744.**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за земјоделското земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ КОЕ МОЖЕ ДА СЕ ДАДЕ ВО ЗАКУП И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГОЛЕМИНАТА НА ПОВРШИНАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ КОЕ МОЖЕ ДА СЕ ДАДЕ ВО ЗАКУП**

Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде под закуп (“Службен весник на Република Македонија” бр.12/08, 26/12 и 2/13), во членот 4 став 2 по заградата се додаваат зборовите: “,односно бројот на грла добитокот во сопственост на понудувачот во постапка по јавен оглас за што треба да достави потврда издадена од овластено ветеринарно друштво.“

По ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат:

“Големината на површината на земјоделско земјиште во државна сопственост која може да се даде во закуп на еден учесник во постапка по пат на јавен оглас за одгледување на земјоделски култури за производство на сточна храна (житни, фуражни и индустриски култури) се утврдува врз основа на бројот на грла добиток (говеда, копитари, овци, кози, свињи и живина) со кои располага понудувачот и тоа:

- за едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, односно 100 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки, се доделува површина од 0,7 хектари;
- големината на површината која може да се даде под закуп сразмерно да расте со бројот на грла добитокот во сопственост на понудувачот.

Минималната површина на земјоделско земјиште во државна сопственост која може да се даде во закуп на еден учесник согласно став 5 од овој член изнесува 3,5 хектари доколку понудувачот достави потврда за располагање со најмалку 5 грла говеда или копитари, односно 50 овци или кози, односно 20 свињи односно 500 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 22-15965/5<br>8 ноември 2013 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3745.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, согласно чл. 10 чл.49 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и чл.65 ст.1 т.4 чл.66 ст.1 т.1 и ст.2 од Закон за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр.150/07)., Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на четириесетата седница одржана на 14.11.2013 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**

I

На Насер Ајдари, јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, му се утврди престанок на функцијата јавен обвинител поради именување на друга функција.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОР. бр. 13/13
14 ноември 2013 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3746.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11 и 79/13) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, за менување на лиценца за трговија со електрична енергија, на седницата одржана на ден 14.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија издадена со Одлука бр. 02-1415/1 од 28.09.2006 година, („Службен весник на РМ“ бр. 102/2006) на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, се менува.
2. Изменетата лиценца е прилог 1 на оваа одлука.
3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 02-200/13
14 ноември 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Прилог 1

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиште на носителот на лиценцата**

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бул. Партизански одреди бр. 15 А/2-6, Скопје, Република Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Трговија со електрична енергија

**3. Датум на менување на лиценцата:**

14.11.2013 година

**4. Датум до кога важи лиценцата:**

14.11.2023 година

**5. Евидентен број на издадената/изменетата лиценца:**

ЕЕ - 14.10.1/06/2/13

**6. Број на деловниот субјект** - 6113354

**7. Единствен даночен број** - 4030006594760

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство согласно член 81 од Законот за енергетика. Трговецот во својство на снабдувач може да продава електрична енергија и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила.

Трговецот со електрична енергија, во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија која се обврзал да ја испорача на своите купувачи е должен да обезбеди доволен прекуграничен преносен и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети.

**9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

**10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

**11. Услови и начин на извршување на обврските на носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори;

- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија за своите купувачи, согласно пазарните правила, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети;

- работи во согласност со правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;

- ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;

- им фактурира на потрошувачите за испорачаната електричната енергија кога е во својство на снабдувач на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, согласно пазарните правила, како и за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулираните услуги, согласно превземените обврски за потрошувачите кога врши прекугранични трансакции;

- достави во определен рок до операторот на пазарот на електрична енергија информации за количините на електрична енергија и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на електрична енргија како и соодветните договори за прекугранични трансакции низ преносната мрежа во согласност со пазарните правила;

- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за своите трансакции и деловни активности при продажбата на електрична енергија во својство на снабдувач, на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила;

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македони-ја, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;

**12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

**14. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, согласно Табела 1 која е составен дел на оваа лиценца;

- испорачани количини на електрична енергија - квартално, но одвоени по месеци;

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија;

- како и други промени во работењето согласно правилникот.

**15. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**16. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Табела 1 – Извештај за испорачани количини на електрична енергија**
(се доставува на квартално и годишно ниво)

| Корисник | Испорачани количини во текот на квартал: I, II, III, IV | | | | Испорачани количини од почетокот на годината (квартално и сумарно) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирано согласно склучени договори | | Реализирана количина на електрична енергија (kWh) | | Планирано согласно склучени договори | | Реализирана количина на електрична енергија (kWh) | |
| | месечно | квартално | месечно | квартално | квартално | годишно | квартално | годишно |
| Снабдувачи | | | | | | | | |
| Самостојни потрошувачи | | | | | | | | |
| Електро-преносен систем оператор | | | | | | | | |
| Електро-дистрибутивен систем оператор | | | | | | | | |
| Извоз и други трговци | | | | | | | | |
| Транзит на ЕЕ | | | | | | | | |

**3747.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11 и 79/13) и член 50 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11 и 78/13), на барање на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 14.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, му престанува лиценцата за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија, издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука бр. 02-124/1 од 20.01.2010 година и објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/10.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-200-1/13
14 ноември 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3748.**

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 16/2011, 136/11 и 79/2013), член 28 од Законот за акцизите (“Службен весник на РМ” бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/2010 и 55/11), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност (“Службен весник на РМ” бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 53/05) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати (“Службен весник на РМ“ бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА**

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 38,402 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 39,769 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 41,622 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 41,035 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 32,441 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А. Највисоките малопродажни цени ( 1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 76,50 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 78,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 68,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 57,00 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 39,803 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 76,00 | 75,50 | 75,00 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 78,00 | 77,50 | 77,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 68,00 | 67,50 | 67,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 56,50 | 56,00 | 55,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,080 |

б) Дизел гориво — ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) — до 0,030

в) Масло за горење — ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) — до 0,040

г) Мазут — ден/кг
- М-1 НС — до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини — ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 — до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 — до 0,890

б) Дизел гориво — ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) — до 0,300

в) Масло за горење — ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) — до 0,300

г) Мазут — ден/кг
- М-1 НС — до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини — ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 — до 21,759
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 — до 22,086

б) Дизел гориво — ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) — до 12,399

в) Масло за горење — ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) — до 3,230

г) Мазут — ден/кг
- М-1 НС — до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 19.11.2013 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02-1944/1
18 ноември 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2013158